582

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting ВЕЧЕР
Скопје
11. I. 1966

**КУЛТУРЕН РАЗМЕРНИК** — **Музејот на современа уметност во 1966 година**

# ЗГОЛЕМЕНИ ОБВРСКИ

**Ако сакаме да дојдеме до една општа констатација за состојбата на Музејот на современата уметност во Скопје, на околу две години по неговото формирање, најсоодветна ќе биде таа дека обврските спрема меѓународната јавност, што го овозможи основањето и растежот на Музејот, постојано се зголемуваат. Тоа од една страна претставува осознавање врз кое ќе се гради натамошната физиономија на овој музеј, а од друга мошне ги збогатува неговите дејности.**

- **ИЗЛОЖБИ НА: ПОДАРЕНИ ДЕЛА ОД ПОЛСКА; ФРАНЦИЈА; И ВО ПЕРИОДОТ 26 ЈУЛИ 1965 — 26 ЈУЛИ 1966,**
- **ИЗЛОЖБИ НА ДРАГУТИН АВРАМОВСКИ — ГУТЕ, СТОЈАН ЌОЛИЌ, ПЕТАР МАЗЕВ, МАРИЈ ПРЕГЕЉ И ДРУГИ**



ЈЕРЖИ ПАНЕК — „СИВДА БАБА" — (ДРВОРЕЗ 1958 Г.)

Всушност кај нашата ликовна и културна јавност воопшто Музејот на современата уметност веќе се здоби со извесна афирмација. Бројните изложби од ретроспективен и панорамски карактер покажаа дека веќе сега се располага со вредни уметнички дела од неколку најголеми сликари на денешницата.

Но, Музејот и натаму, по сѐ изгледа, за еден догледен период ќе остане без простории што ќе му овозможат извршување на соодветни дејности и зафати. Неодамна е речено дека во текот на 1966 година треба да се очекува да отпочне градбата на зградата на Музејот, но треба да се почека и да се види ќе биде ли така.

Кога кон сите овие согледувања ќе се додаде и неможноста на сегашниот персонал да ги изврши сите очекувани зафати ќе можат во вистинската светлина да ја покажат содржината на програмата за 1966 година.

Во 1966 година ќе бидат организирани околу 20 изложби планирани според неколку основни елементи. Пред сѐ ќе се настојува систематски да се прикажуваат сите подарени дела, со што ќе биде евидентиран подарокот и истовремено на публиката ќе ѝ се овозможи да ја запознае колекцијата. Веќе се располага со околу 200 нови подароци, кои заедно со веќе досега пристигнатите ќе бидат содржина на неколку репрезентативни изложби. Една од задачите на Музејот е и организирањето изложби што ќе ја изразуваат задачата на овој музеј да прикажува уметници и правци од современата ликовна и применета уметност кај нас и во светот. Такви ќе бидат изложбите на „Македонската применета уметност", „Современата американска графика и цртеж", „Слики, графики и цртежи на Драгутин Аврамовски — Гуте", „Сликарството на Стојан Ќелиќ", „Изложба на слики на Петар Мазев", „Изложба на слики на Мариј Прегељ" и други.

Годинава до повидлив израз ќе дојде иницијативата на Музејот на современата уметност преку свои изложби да го поттикнува развитокот на ликовната култура, ликовниот живот и ликовната уметност кај нас.

Од таков карактер ќе биде изложбата „Запознавање со графичките техники", која ќе биде прикажана во низа средни училишта. Потоа изложбата „Човекот и архитектурата"; всушност е изложба на уметничка фотографија на истакнатиот француски уметник Лисјен Херве, долгогодишен соработник на покојниот Корбизие.

Мошне значајни ќе бидат и изложбите „Подарени дела од Полска", „Подарени дела од Франција", „Подарени дела од периодот од 26 јули 1965 до 26 јули 1966 година", „Одбрани дела од парискиот Мајски салон" (Мајскиот салон во Париз), а посебен настан во нашиот ликовен живот ќе претставува изложбата на 6 современи македонски уметници, во која ќе бидат прикажани дела од Мазев, Кондовски, Калчевски, Велков, Шијаковиќ и Хаџи Бошков, која ќе биде прикажана и во градската галерија во Нирнберг, Западна Германија.

За сите изложби, што ќе бидат организирани во текот на 1966 година ќе бидат подготвени и мошне добро опремени каталози на македонски и француски јазик, во кој ќе може да се најде предговор за уметникот или предметот на изложбата со детална библиографска и биографска документација со репродукции од изложените дела.

**А. П.**